РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на продолжението од својата 6-та седница одржано на 12.06.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-1346/1 од 09.04.2024 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, а пријавата да се проследи на надлежно постапување до Државна комисија за жалби по јавни набавки на РСМ.

Предметот со број 12-1346 од 2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-1346/1 од 09.04.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ///, по електронски пат. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за незаконски спроведена јавна набавка од страна на ///. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата не се доставени докази.
По увидот во содржината на пријавата, ДКСК оцени дека надлежен орган кој со закон е овластен да ги испита наводите, согласно со чл. 130 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РСМ" бр. 24/19 и 87/21), е Државната комисија за жалби по јавни набавки на РСМ, заради што пријавата ќе ја проследи до овој орган на надлежно постапување.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Согласно со горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

Претседател
Татјана Димитровска

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Одобрил: м-р Б. К. Ш., член

Доставено до:
- Подносителот
- Државна комисија за жалби по јавни набавки на РСМ

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk